Совет за радиодифузија на Република Македонија

# Анализа

## на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2013 година

(јули 2013 година)

## Содржина:

ВОВЕД ........................................................................................................................ 3

ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ........................ 4

НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА ............................................................. 7

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА И ИЗВОРИТЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ .............10

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА.......................................................................................12

## ВОВЕД

Првата полугодишна Анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста, Советот за радиодифузија ја изработи во јули 2011 година, а се однесуваше на периодот од 01 јануари до 30 јуни 2011 година. Во оваа, веќе петта по ред Анализа, се прикажани преземените активности во врска со овие прашања во период од 01 јануари до 30 јуни 2013 година.

Со цел да се обезбеди разновидност на понудата на програмските сервиси и заштита на плурализмот на сопственоста на медиумите, во Глава III од Законот за радиодифузната дејност (Службен весник на Република Македонија бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13) насловена „Заштита на плурализмот, разновидноста и јавноста на работата на радиодифузерите“, се вградени одредби кои ги регулираат прашањата во врска со утврдувањето недозволена медиумска концентрација, промените на сопственичката структура на радиодифузерите, како и нивната обврска за транспарентност на сопственоста и изворите на финансирање.

Советот за радиодифузија согласно своите законски надлежности, во континуитет го следи почитувањето на овие одредби од страна на радиодифузерите, како и исполнувањето на обврските што произлегуваат од нив.

## 1. ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Начинот и постапката на промените на сопственичката структура на радиодифузерите се регулирани со одредбите од членот 17 од Законот за радиодифузната дејност. Со цел да ги допрецизира овие одредби и да ја појасни постапката, Советот за радиодифузија во 2008 година донесе подзаконски акт - Упатство за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот за радиодифузија (Службен весник на Република Македонија бр.53/08 и 41/13).

Согласно членот 17 од Законот, за промените кои не го надминуваат прагот од 10% од основната главнина, радиодифузерите треба само да го известат Советот за радиодифузија. За сите други промени, со кои се надминува границата од 10% од основната главнина, радиодифузерите се должни, пред да ја реализираат планираната промена во Централниот регистар на Република Македонија, до Советот да достават барање за одобрение за промена на сопственичката структура. Откако Советот ќе констатира дека доставеното барање е уредно и комплетно, испитува дали со планираната промена би се создала недозволена медиумска концентрација или пак би се прекршиле одредбите од членот 11 од Законот. Доколку Советот констатира дека не постојат законски пречки лицето да се јави како основач на радиодифузерот, донесува Одлука за издавање одобрение за промена на сопственичката структура. Согласно став 3 член 17, Советот е должен да се произнесе по барањето во рок од 60 дена од денот на приемот на уредно и комплетно барање.

Во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2013 година, промена на сопственичката структура беше извршена кај вкупно 11 радиодифузери, од кои три радиостаници и осум телевизии.

1.1. Локалната телевизија **ТРД Телевизија КОБРА ДОО Радовиш** изврши промена на сопственичката структура без претходно да побара одобрение од Советот. Со тоа го прекрши ставот 2 од членот 17 од Законот за радиодифузната дејност, за што Советот и изрече мерка – писмена опомена. Промената на сопственичката структура на оваа телевизија беше извршена во висина од 100% од основната главнина. Поточно, по смртта на сопственикот Бранко Литајковски, а врз основа на Решение по спроведена оставинска постапка, за наследници на имотот на ова лице судот ги прогласил неговата законита сопруга Ленче Литајковска и неговиот законит син Игор Литајковски, при што двајцата станале сопственици на една идеална половина од имотот. Советот констатираше дека со извршената промена не се создала недозволена медумска концентрација, односно дека овие две лица не се јавуваат како основачи на трговски друштва регистрирани за некоја од дејностите спротивно на одредбите од членот 13 од Законот.

1.2. Во јануари 2013 година, локалната телевизиска станица **ТРД Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ од Кочани**, до Советот за радиодифузија достави барање за согласност за промена на сопственичка структура. Беше побарана согласност за истапување на правното лице Визија-ЛД ДООЕЛ од Кочани и пристапување на физичкото лице Лазо Димитров, исто така од Кочани. Со оглед на тоа што немаше формално-правни пречки, Советот издаде одобрение за промена на сопственичката структура.

1.3. Локалната радиостаница **ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ од Кавадарци** до Советот за радиодифузија достави допис со кој го извести дека еден од основачите на овој радиодифузер, Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, го продал уделот што го поседуваше во основачкиот капитал на оваа радиостаница во висина од 15% од основната главнина на радиодифузерот. Според податоците од Изводот на сметката, издаден од Централниот депозитар за хартии од вредност, по извршената продажба, сопственик на овој удел е физичкото лице Трајанка Митрова. Во април 2013 година, овој радиодифузер до Советот достави уредно и комплетно барање за согласност за промена на сопственичка структура, според кое како сопственик на уделот на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија треба да се јави физичкото лице Трајанка Митрова, која и дотогаш ги поседуваше останатите 85% од капиталот на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ од Кавадарци. Со оглед на тоа дека по проверката на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, Советот констатираше дека физичкото лице Трајанка Митрова не се јавува како основач на други трговски друштва, односно дека не се создава недозволена медиумска концентрација, Советот издаде одобрение за промена на сопственичката структура.

1.4. Во мај 2013 година, локалната телевизиска станица **ТРД МЕНАДА-ТЕТОВО ДОО од Тетово** побара одобрение за промена на сопственичката структура. Планирано беше истапување на физичките лица Тошо Маркоски и Дарко Ристоски, двајцата од Тетово, и пристапување на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, чиј единствен основач е физичкото лице Драган Митковски од Скопје. По обработката на доставеното барање, а со оглед на тоа дека не постоеја законски пречки за реализација на планираната промена, Советот истата ја одобри.

1.5. Истовремено, барање за одобрение за промена на сопственичката структура поднесе и локалната телевизија **ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ од Охрид**, со кое беше планирано истапување на еднствениот основач на радиодифузерот, физичкото лице Зоран Стефановски од Охрид, и пристапување на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, во сопственост на физичкото лице Драган Митковски од Скопје. Советот издаде одобрение за промена на сопственичката структура на ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ од Охрид.

1.6. Во мај 2013 година, одобрение за промена на сопственичката структура од Советот побара и **ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово.** Планирано беше целосно истапување на тогашните основачи – физичките лица Димче Балески од Валандово и

Тони Донев од с. Пирава, Валандово. Како единствен основач на овој радиодифузер планирано беше да се јави правното лице Друштво за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ од Скопје, основано од физичкото лице Емил Парнаџиски од Скопје. Откако констатираше дека со планираната промена не се прекршуваат одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Советот донесе одлука за одобрение на истата.

1.7. Правното лице Друштво за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ од Скопје стана единствен основач и на локалната телевизија **ТРД КАНАЛ ТРИ ДОО од Дебар**, откако Советот ја одобри планираната промена за која овој радиодифузер поднесе барање во мај 2013 година. Претходни основачи на овој радиодифузер беа физичките лица Јасер Елезовски и Лиман Елезовски, двајцата од с. Мал Папрадник, Центар Жупа.

1.8. Во мај 2013 година, беше поднесено барање за промена на сопственичката структура на **ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА Д1 ДООЕЛ Делчево**, локална телевизија која има дозвола да емитува програма на подрачјето на Делчево. Планирано беше истапување на единствениот основач на овој субјект – физичкото лице Слободан Дамјанов од Делчево и пристапување на правното лице Друштво за услуги ГМ ТРЕЈД СОЛУШНС ДООЕЛ од Скопје, чиј единствен основач е физичкото лице Горан Митев од Скопје. Со оглед на тоа дека планираните промени беа во согласност со законските одредби, Советот ја одобри оваа промена.

1.9. Согласно член 17 од Законот, во мај 2013 година, барање за одобрение за промена на сопственичката структура поднесе и **ТРД ТВ БОЕМ од Кичево**. Според податоците наведени во барањето, планирано беше од сопственоста на радиодифузерот да истапи единствениот основач, физичкото лице Слободан Меноски од Кичево, а нов основач да биде правното лице Друштво за услуги ГМ ТРЕЈД СОЛУШНС ДООЕЛ од Скопје, во сопственост на физичкото лице Горан Митев од Скопје. По обработката на доставеното барање, а со оглед на тоа дека не постоеја законски пречки, Советот ја одобри планираната промена.

1.10. Во мај 2013 година, барање за издавање одобрение за промена на сопственичката структура до Советот за радиодифузија достави и локалната радиостаница **ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО од Велес**. Во прилог на Барањето беше доставен Извештај според кој промената на сопственичката структура е со цел да се отстрани прекршувањето на членот 11, а во врска со член 18 од Законот за радиодифузната дејност, кое настанало по завршувањето на Локалните избори што се одржаа во март 2013 година, кога сопругата на еден од основачите на радиодифузерот – физичкото лице Владимир Тевчев е избрана за член на општината Велес. Во членот 11 од Законот за радиодифузната дејност наведено е дека *„...носители на јавни функции и членови на нивните семејства, не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, сооснователи или да стекнуваат учество во сопственоста на радиодифузерите.“* Во членот 18 став 2 алинеја 2, наведено е дека како поврзани лица, меѓу другите, се сметаат и *„лица во брачна или вонбрачна заедница“*.

Планираната промена на сопственичката структура се однесуваше на отстапување на уделот на физичкото лице Владимир Тевчев од Велес (во висина од 50% од основната главнина на радиодифузерот) на физичкото лице Димче Саздов од Велес. Физичкото лице Љупчо Несторов од Велес, кој ги поседуваше останатите 50% од основачкиот капитал на оваа радиостаница, и понатаму остана да биде основач на радиодифузерот. Промената на сопственичката структура беше одобрена откако Советот констатираше дека не постојат пречки согласно Законот за радиодифузната дејност ова лице да се јави како основач на радиодифузер.

1.11. Во јуни 2013 година, до Советот беше поднесено барање за одобрение за промена на сопственичката структура на локалната радиостаница **ТРД КИКИ Илија ДООЕЛ од Струга**. Промената се однесуваше на целосно истапување на единствениот основач на радиото – физичкото лице Илија Тотовски од Струга и пристапување на физичкото лице Мугни Арифи од с. Ливада, Струга. Информацијата во врска со ова барање Советот ја разгледуваше на 32-та седница одржана на 01 јули 2013 година и донесе Одлука за одобрение на промената.

## 2. НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА

Дел од одредбите од Глава III од Законот за радиодифузната дејност се однесуваат на утврдување недозволена медиумска концентрација.

Прашањата во врска со вертикалната интеграција на капиталот, односно интеграцијата на капиталот помеѓу радиодифузер и друштво регистрирано за некоја од дејностите кои се во т.н. „ланец на вредности“ се регулирани во членот 13 од ЗРД. Согласно овие одредби, како дејности кои се смета дека се неспоиви со радиодифузната дејност се: реклама и пропаганда, истражување на пазарот и јавното мислење, активности на истрага и обезбедување, дистрибуција на аудиовизуелни дела, филмска продукција, телекомуникациски услуги, новинска агенција и издавање дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиска програма. Недозволена медиумска концентрација во смисла на овој Закон, се смета дека постои кога радиодифузер или физички и правни лица кои се основачи на радиодифузер истовремено се јавуваат како основачи на трговско друштво регистрирано за некоја од овие дејности.

Хоризонталната интеграција на капиталот, односно интеграцијата на капиталот помеѓу радиодифузерите, е регулирана со одредбите од членот 14 од Законот за радиодифузната дејност. Едно физичко или правно лице може истовремено да се јавува како основач на два или повеќе радиодифузери, но во рамките на праговите кои се определени во овој член.

Согласно член 15 од ЗРД, постоењето недозволена медумска концентрација го утврдува Советот за радиодифузија.

Во првата половина од 2013 година, Советот констатираше постоење недозволена медиумска концентрација кај три радиодифузери (една сателитска телевизија, една радиостаница што емитува програма на државно ниво и една локална радиостаница).

**2.1. Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје**

Во март 2013 година, беше констатирано дека управителот на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, физичкото лице Јани Бојаџи се јавува како основач на Друштвото за продукција, трговија и услуги ОРИОН ПРОДАКШН ДОО увоз-извоз Скопје, чија приоритетната дејност/главна приходна шифра е 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма.

Согласно член 13, став 3, алинеја 4 и 5 од Законот за радиодифузната дејност *„недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички или правни лица кои се истовремено: ...основачи на ...друштво за филмска продукција... и поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон“*

Во член 18 став 1 од Законот јасно е наведено дека „*Поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички ја креираат деловната политика, односно дејствуваат на координиран начин заради остварување заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за деловното работење или за програмскиот концепт на радиодифузерот...“* Во истиот член во став 2 алинеја 4 е наведено дека како поврзани лица се сметаат „*имателите на удели во сопственоста, односно на други права врз чија основа учествуваат во управувањето на радиодифузерот...“*

Согласно член 15 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот му наложи на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, во рок не подолг од три месеца од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност. Во јуни 2013 година, радиодифузерот во Советот достави Решение издадено од Централниот регистар на РМ, според кое физичкото лице Јани Бојаџи отстапило од сопственичката структура на Друштвото за продукција, трговија и услуги ОРИОН ПРОДАКШН ДОО увоз-извоз Скопје. Со тоа, пречките за вршење радиодифузна дејност беа отстранети.

**2.2. Трговско радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип**

На 25-тата седница одржана на 23.05.2013 година, Советот констатираше постоење недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип. Имено, беше констатирано дека приоритетната дејност/главна приходна шифра на Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и

информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ од Штип, кое е единствен основач на радиодифузерот е 73.12 – Огласување преку медиуми.

Во Националната класификација на дејности донесена со Одлука на Владата на РМ Бр.19-5509/1 на 18 ноември 2008 година, а која се применува од 01.01.2009 година, класата 73.12 – Огласување преку медиуми е во групата 73.1 – Маркетинг (реклама и пропаганда).

Во член 13 став 3 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност, јасно е наведено дека *„недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички и правни лица кои се истовремено: ... – основачи на друштво за реклама и пропаганда...„.*

Согласно член 15 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија на РМ му наложи на радиодифузерот, во рок не подолг од три месеца од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност. Крајниот рок за усогласување е 23.08.2013 година.

## <u>2.3. Трговско радиодифузно друштво РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес</u>

Недозволената медиумска концентрација кај овој радиодифузер Советот ја констатираше на 26-тата седница одржана на 31.05.2013 година.

При проверката на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија беше констатирано дека физичкото лице Љупчо Несторов од Велес, кој е сопственик на 50% од основачкиот капитал на ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес, истовремено се јавува и како основач на Друштво за производство, трговија и услуги РАДИО ПЕТ ФМ ДОО Велес, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 59.20 – Снимање на звучни записи и издавање на музички записи, што е спротивно на член 13 став 3 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност.

Во Националната класификација на дејности донесена со Одлука на Владата на РМ Бр.19-5509/1 на 18 ноември 2008 година, а која се применува од 01.01.2009 година, класата 59.20 – Снимање на звучни записи и издавање на музички записи е во одделот 59 – Филмска дејност, продукција на видео и телевизиска програма и дејности на снимање на звучни записи и музичко издаваштво.

Во член 13 став 3 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност, јасно е наведено дека *„недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека*

*постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички и правни лица кои се истовремено: ... – основачи на друштво за филмска продукција...„.*

Согласно член 15 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот му наложи на радиодифузерот во рок не подолг од три месеца од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност. Рокот за отстранување на недозволената медиумска концентрација истекува на 31.08.2013 година.

## 3. ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА И ИЗВОРИТЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Транспарентноста на сопственоста и овозможува на јавноста соодветно да ги вреднува информациите, идеите и мислењата пласирани од медиумите, и да изгради сопствен став кон нив. Согласно со препораките на Советот на Европа [Препорака (94)13 за мерките за промовирање на транспарентноста на медиумите] и [Препорака (2007)2 за плурализмот на медиумите и разновидноста на медиумските содржини], во Законот за радиодифузната дејност се вградени одредби со кои се гарантира транспарентност на медиумската сопственост.

Имено, согласно членот 20 од Законот, радиодифузерите се должни да ги објават податоците за сопственичката структура и извршените промени во сопственичката структура најмалку еднаш годишно, а најдоцна до 31 март во еден дневен весник, и три пати годишно да ги објават на сопствената програма, во точно утврдени термини од Советот за радиодифузија. Исполнувањето на оваа обврска го следи Советот.

На 19 март 2013 година, Советот до сите трговски радиодифузни друштва достави допис со цел да ги потсети на оваа обврска. Радиодифузерите беа должни најдоцна до 15 април 2013 година до Советот да достават копија од објавата во дневен весник и снимка од објавената содржина на ЦД или ДВД формат.

Од вкупно 143 трговски радиодифузни друштва, 132 во целост ја исполнија оваа обврска.

Три локални радиостаници само делумно ја исполнија обврската, односно податоците ги објавија само на сопствената програма, а не и во еден дневен весник. Станува збор за ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, ТРД МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово и за РДТ РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ, Македонска Каменица.

Обврската воопшто не ја исполнија вкупно шест радиодифузери, од кои две локални телевизии (ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ и ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово) и четири локални радиостаници (ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, Друштво за радио дифузија ДИ-

ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово и ТРД РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште Долнени).

На радиостаниците ТРД МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово и на телевизијата ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово) Советот им упати укажување, а на шест радиодифузери им ги изрече следниве мерки:

1. Мерката писмена опомена на:
   - ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга
   - РДТ РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ, Македонска Каменица
   - ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ
   - ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар
2. Мерката писмена опомена со барање за објавување на ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово
3. Мерката времена забрана за рекламирање и телешопинг за период од 1 ден на ТРД РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште Долнени

Со оглед на тоа дека вториот термин за објавување на податоците е 30 јуни, на 17 јуни Советот испрати допис до сите трговски радиодифузни друштва со кој им укажа на оваа обврска. Следењето на исполнувањето на оваа обврска од страна на радиодифузерите е во тек.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во периодот кој го опфаќа оваа Анализа (првата половина од 2013 година), беше извршена промена на сопственичката структура кај вкупно 11 радиодифузери, сите со дозвола за вршење радиодифузна дејност на локално ниво. Од нив, три беа радиостаници, а осум телевизиски станици. Кај вкупно десет радиодифузери промената на сопственичката структура беше извршена во согласност со одредбите од Законот за радиодифузната дејност, а само еден изврши промена без претходно да побара одобрение од Советот за радиодифузија, што е спротивно на одредбите од став 2 член 17 од Законот. За ваквото прекршување Советот за радиодифузија му изрече мерка – писмена опомена.

Недозволена медиумска концентрација беше констатирана кај вкупно три радиодифузери: една сателитска телевизија, една радиостаница што емитува програма на државно ниво и една локална радиостаница. Сателитската телевизија ја отстрани недозволената медиумска концентрација, со што го усогласи своето работење со одредбите од Законот за радиодифузна дејност. Рокот за усогласување на работењето на двете радиостаници истекува во август 2013 година.

И овој пат беше забележан висок степен на исполнување на обврската за транспарентност на сопственоста и изворите на финансирање од страна на радиодифузерите. Податоците ги објавија вкупно 132 радиодифузери, меѓу кои се сите телевизиски и сите радиостаници на државно и регионално ниво. Три локални радиостаници делумно ја исполнија оваа обврска (ги објавија податоците само на сопствената програма, а не и во дневен весник), а воопшто не ги објавија само шест локални радиодифузери (две телевизии и четири радиостаници).